МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

март 2015

ИНФОРМАТОР #26

# Состанок на членовите на Собранието на МЕД



На почетокот на март 2015 година, во Скопје се одржа Годишното собрание на Македонското еколошко друштво. На собранието беше презентирана работата на Друштвото за 2014 година, финансискиот извсштај со годишната завршна смстка и планот за работа на МЕД за 2015 година. Извештаите ќе бидат објавени на веб страната на МЕД.

Ова собрание беше изборно, а новоизбраните членови ќе имаат мандат во следните четири години. Беа избрани членовите на новото претседателство и претседател на Друштвото, додека составот на членовите на надзорниот одбор остана непроменет. Членови на новото претседателство се:

**Проф. д-р Славчо Христовски,** Претседател на МЕД,
**Д-р Методија Велевски,** Генерален секретар,
**Проф. д-р Владимир Џабирски,** Потпретседател,
**Проф. д-р Љупчо Меловски,** член,
**Проф. д-р Александар Трендафилов,** член,
**Проф. д-р Тодор Ановски,** член, и
**Проф. д-р Николчо Велковски,** член

Проф. д-р Љупчо Групче, кој воедно е еден од основачите на МЕД, е почесен член на Друштвото.

На собранието се дискутираше околу можноста за отворање на подружници на Друштвото, како и во иднина да се посвети повеќе внимание на соработката со наставници и професори во насока на продлабочување на едукативните активности. Во врска со дискусијата за актуелната ситуација со промените на законите за финансиско работење како и за состојбата со загадувањето на животната средина, беше одлучено да се преземат конкретни мерки.

PRESPANET
a network of environmental NGOs for Prespa

# Прекугранична стратегија за заштита на Преспа

МЕД заедно со SPP од Грција и PPNEA од Албанија, во рамките на ПреспаНет, во изминатите 6 месеци активно работеше на креирање стратешки документ за заштита на Преспа. Првата работна верзија беше претставена на заедничката средба (платформа) со пет невладини организации и фондации, кои делуваат во преспанскиот регион или истиот го препознаваат како иден регион за сопствено делување. Па така на средбата, освен претставници на ПреспаНет, учествуваа претставници од Euronatur, KORA, FZS, Plantlife и SAVE фондацијата. Во текот на работилницата беа дискутирани зацртаните цели од стратегијата на ПреспаНет, а како резултат на заедничката работа, беше изработен акционен план, беше дефинирана структурата на платформата и идниот придонес на секоја од организациите.



Контакт: Даниела Заец
*zaec@mes.org.mk*

Реализирањето на заедничките прекугранични активности од овој стратешки документ, ќе придонесат кон исполнување на зацртаната визија на мрежата за зачувување и негување на природната и културната автентичност на Преспа и нејзините жители. Согласно договорот, се очекува стратегијата да биде завршена во ноември 2015 година.

Како и секоја година започнувајќи од далечната 1997 година, така и оваа, Рамсарската конвенција ја промовираше иницијативата за организирање различни активности на светско ниво кои ќе го одбележат 2 Февруари - Светскиот ден на водните живеалишта. Мотото на годинешната иницијатива беше „**Водни живеалишта за нашата иднина**".

МЕД се приклучи на иницијативата со интересна презентација подготвена за средношколците од Преспа. Целта на предавањето беше подигнување на свеста на младите за значењето и вредноста на водните живеалишта, но истовремено и одбележување на 20-годишнината од прогласувањето на Преспанското Езеро за Рамсарско подрачје. Голем број млади, поттикнати од МЕД, изработија фотографии на блиски места со водни живеалишта и со нив учествуваа на конкурсот за најдобра фотографија, организиран од Рамсарската конвенција.




За дополнително информирање и промовирање на оваа иницијатива за подигнување на јавната свест за зачувување на водните површини и Преспанското Езеро како Рамсарско подрачје, беше изработен и леток кој беше дистрибуиран во регионот.

# Проект „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица"

На 18.02.2015, во хотелот Дрим, Струга во рамките на проектот „Вода за езерата, блатата, изворите и луѓето на планината Јабланица" беше одржана јавна презентација за состојбата на водните ресурси на планината Јабланица и потенцијалите за алтернативно водоснабдување. На презентацијата беа присутни претставници од општините Вевчани и Струга, Јавното претпријатие за стопанисување со водите „Проаква" како и претставници од локалните граѓански здруженија од регионот.



Раководителот на проектот ги запозна учесниците со дел од добиените резултати од досегашните активности: статусот на слатководните екосистеми определен според еколошките (силикатни алги и безрбетни животински групи) и хидролошките карактеристики на поголемите реки кои го сочинуваат Дримскиот слив, глацијалните езера и влажните живеалишта.

Беа претставени и предложените мерки за алтернативно водоснабдување со што би се намалил притисокот на врз слатководните екосистеми. Експертското мислење беше дополнето со сугестии за подобрување на состојбата на реките и езерата од локалното население кое учествуваше на презентацијата. Настанот беше медиумски покриен од локални и национални телевизии.

CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND

Контакт: Ивана Лозановска
*lozanovska@mes.org.mk*

# Програма за закрепнување на балканскиот рис 3

## Редовна сесија со камера – замки: Маврово 2015







Годинешната зимска сесија е дел од мониторинг активностите од Акциониот план за заштита на балканскиот рис во НП „Маврово“ во рамките на Програмата за закрепнување на балканскиот рис.

На територијата на паркот на 30 локации беа поставени 60 камери. За локации беа избрани истите места на кои во претходните сесии веќе беа фотографирани единки на рис или местата претставуваат погодно живеалиште за рис. Сесијата започна на 15 март и ќе трае два месеци – период што во голем дел ќе се преклопи со периодот на парење на балканскиот рис. Во овој дел од годината, единките се најраздвижени, па оттука и веројатноста да бидат фотографирани поголем број различни индивидуи, е поголема. Сите 60 камери беа поставени во рекордни 4 дена благодарение на логистичката поддршка на НП „Маврово“, ентузијазмот на ловочуварите од паркот и членовите на тимот на МЕД.

По првата проверка резултатите се оптимистички главно заради добиените фотографии од 3 риса на различни локации и присуство на неговиот плен (срни и диви кози).

Се надеваме дека и оваа сесија ќе биде успешна како и претходната од 2013та кога успеавме да собереме 60 фотографии од најмалку 9 различни индивидуи од НП Маврово.

Контакт: Александар Стојанов
*stojanov@mes.org.mk*

# По две години, повторно заловен рисот Мартин!







На 19 март оваа година рисот Мартин, беше повторно заловен во истата замка на истата локација во ловиштето Душегубица во близина на село Кленовец, Кичево. На потегот од Кичево до Охрид тимот за заштита на балканскиот рис во соработка со локалните ловечки друштва оваа зима активираше две кафез - замки со цел заловување на единки од балканскиот рис кои живеат надвор од заштитените подрачја (национални паркови).

Рисот Мартин за првпат беше заловен пред две години кога успеавме да му поставиме GPS околувратник и да го следиме на терен само неколку месеци, а потоа неочекувано откажаа батериите на околувратникот. За наша среќа тој повторно беше заловен и неговиот околувратник заменет со нов, пософистициран со чија помош се надеваме дека ќе го следиме најмалку една година со што ќе добиеме важни податоци за неговата индивидуална територија, диета и режим на исхрана, компетитори и други важни информации.

Заловувањето на едники во кафез - замки ќе продолжи до мај оваа година, до кога се надеваме дека ќе заловиме рис - женска единка, што сеуште не се случило кај нас во Македонија.

Контакт: Ѓорѓе Иванов
*ivanov@mes.org.mk*

# Одржана јавна презентација на едукативните активности спроведени во Кочани и на Пониква



Во рамки на малиот проект „Промоција на вредностите на стара букова шума“, имплементиран преку програмата NatuRegio Balkans, беа спроведени едукативни активности за деца од петто одделение во две основни училишта од Кочани: „Кирил и Методиј“ и „Малина Попиванова“. Едукативните активности опфатија различни игри и интерактивни предавања на во училница, по кои следеа едукација во природа, каде преку прошетка по „Патеката на клукајдрвчето“ поставена во стара букова шума на осоговскиот локалитет Пониква, им беа покажани вредностите на буката.



Како завршница на овие активности а со надеж дека ќе го зголемиме интересот на повеќе деца и возрасни, на 6 февруари, во спортската сала на ОУ „Кирил и Методиј“ во Кочани, МЕД организираше јавна презентација на одржаните активности. Во организацијата учествуваа и училиштата кои беа вклучени во претходните едукативни активности и општината Кочани.

На презентацијата присуствуваа и спонзорите на наставата во природа - Ладна вода, Балкан лукс и Осоговски млечни производи; градоначалникот на општина Кочани; директорот на Шумското стопанство - Кочани; како и претставници од невладините организации од Кочани и извидниците од ПИОМ. На сите учесници кои ја помогнаа организацијата на целокупната активност им беа врачени благодарници.

На настанот беа присутни родители, наставници и повеќе од 600 деца од кочанските основни училишта и претставници на локалните медиуми. Во опуштена атмосфера, беа прикажани слики од активностите, а децата од двете училишта се претставија со танц и подвижна ликовна изложба на творби кои беа изработени како резултат на заедничката работа и инспирацијата од прошетката во природа.

NatuRegio Balkans
Alfred Toepfer Akademie für Naturschutz
DBU
Heidehof Stiftung

# ИНФОРМАТОР # 26

## Нов проект за зачувување на биодиверзитетот на Шар Планина преку одржливо управување со ресурсите

Македонско еколошко друштво од 2015 година започна да го реализира проектот „Зачувување на биолошката разновидност преку одрживо управување со ресурсите на Шар Планина“ чија главна цел е активно вклучување на локалните чинители во иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк.
Во рамки на проектот планирана е изработка на водич за управување со идното заштитено подрачје во чијашто изработка ќе се вклучи локалното население. Дел од активностите вклучуваат и воспоставување на прекуганична работна група со претставници од Албанија и Косово со цел усогласување на зонирањето и моделите за управување на идното заштитено подрачје.
Во рамки на проектот, којшто ќе трае до мај 2016 година, ќе се поддржат локални еко производи а делумно ќе се работи и на подобрување на инфраструктурата за туризам во природа.

МЕД го спроведува овој проект во соработка со германската фондација Euronatur, а проектот е финансиран од Германската федерална фондација за животна средина, DBU.

Контакт: Фросина Пандурска Драмиќанин
***pandurska@mes.org.mk***

## Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија



Во рамките на овој проект, зимскиот период беше исполнет со предавања, работилници и обуки. МЕД одржа предавање за значењето на природното богатство за развојот на планинскиот туризам на Шар Планина како дел од редовната обука за професионални планински водичи. МЕД ги истакна можностите за соработка, потенцијалот за заеднички иницијативи како и печатените материјали кои ќе им користат во работата на идните планински водичи .

Втората по ред едукативна и планирачка работилница по проектот се одржа на крајот на февруари на Попова Шапка. Консултанти на работилницата беа Лиз Радфорд од Plantlife UK и Росен Василев од BBF (Бугарска фондација за биодиверзитет), кој имаше голема улога во споделување на искуствата од соседна Бугарија поврзани со Натура 2000 мрежата на заштитени подрачја. Присутни беа сите локални партнери вклучени во проектот заедно со дел од вклучените волонтери. Покрај тековните работи и презентирање на резултатите од одржаните 15 настани во изминатата година, имаше и целодневна сесија за Натура 2000 – што претставува оваа мрежа, до каде е Република Македонија во овој процес и каков придонес би можеле ние да имаме при идентификацијата и назначување на Натура 2000 подрачја во Македонија.

Контакт: Ксенија Путилин
***putilin@mes.org.mk***

Plantlife

***Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Plantlife***

# Ден на пролетта, 21 март



Здружението за заштита на бувови МОТ (Macedonian Owl Trust) во соработка со градинката „Детска радост“ од Автокоманда и општина Гази Баба го прославија денот на пролетта во парк шумата Гази Баба започнувајќи ја еко кампањата „Ајде да го заштитиме бувот'“

Едукативната работилница се одржа во природа со цел децата целосно да уживаат во предвидените активности. Во рамките на заедничките активности на наставниците од градинката со децата и родителите, беа изработени 20 куќарки за гнездење на бувот ќук.



Оваа едукативна кампања за значењето и заштитата на бувовите, ќе им помогне на најмладите да научат многу повеќе за овис птици, поточно за видовите што ја населуваат Македонија, за нивните навики, и потребата за нивна активна заштита. Посебно внимание беше посветено на ќуковите, за кои и беа наменети изработените куќарки кои беа поставени во паркот.

Се надеваме дека кампањата ќе придонесе кон промена на мислењето на јавноста за придобивките од постоењето овие ноќни птици.



Македонското здружение за заштита на бувовите, општината Гази Баба и градинката Детска радост имаат намера овој настан да прерасне во традиција.

Претставници на МЕД присуствуваа и го поддржаа целиот настан.

Контакт: Ана Арсовска
*a.arsovska@mes.org.mk*